**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Сто и петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници ја отворам 115-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јордан Михајловси, Рафет Моминовиќ, Љупчо Мешкопв, Љубе Бошковски, Никола Гриевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Хусенџевад Хусеини, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Присутни се 63 пратеника и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на еидници на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак и Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договор на првиот програмски заем за развојни политики ПДПЛ еден, со Предлог на закон.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 60 гласале за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлага следниот дневен ред.

1. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армината на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

2. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договор за Првиот програмски заем за развојни политики-ПДПЛ 1, со Предлог на закон

Предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

69 пратеника гласале, 69 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот денвен ред.

**Минуваме на точката 1-Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак**

Предлогот на опдлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 68 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија заа учество во мировната операција во Ирак.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по договор за Првиот програмски заем за развојни политики-ПДПЛ-1, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Дозволете претседателе да кажам само неколку зборови за законот. Прво законот и средствата кои треба да се повлечат се одобрени од страна на Собранието на Република Македонија, со проекцијата на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, уште во фазата на донесување и сега треба само да се реализираат.

Зошто баравме на денешната седница да се донесе во ваква процедура? Бордот на Светска банка, Програмата за заем на развојни политики кон Македонија го одобри на 27 октомври, во висина од 30 милиони долари, односно 24,4 милиони евра. По одобрувањето на заемот и исполнувањето на условите од страна на Република Македонија, има формална процедура која е донесување на закон во Собранието, по донесувањето на законот, согласно законот треба да потпишеме договор за заем со Светската банка, кој ви е даден во прилог и после потпишувањето на договорот, средствата да се повлечат. Со оглед дека на Бордот на Светска банка, релативно доцна помина аранжманот, а знаеме дека во Западните земји, некаде

последните 7до 8 дена во декември, заради Божиќните празници не се работи, а средствата треба да се повлечат до 31 декември оваа тгодина, затоа што се предвидени со овој Буџет, предлагаме денеска Собранието да го донесе Законот и да можеме да го потпишеме заеднички договорот

Инаку, средствата се по стандардните услови на Светската банка со 17 години и со грејс период и со релативно поволна каматна стапка од либор плус 0, 75. Веднаш да кажам дека средствата од овој заем согласно Одлуката на Собранието ќе се користат за отплата на надворешниот долг на Република Македонија.

Ги молам пратениците да го донесат законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светска банка по договор за Првиот програмски заем за развојни политики ПДПЛ-1.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеника, 72 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, 71 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлог на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема никој пријавено за збор, го заклучувам претресот по Текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 пратеника гласале, 70 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 115-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам господа пратеници и ве информирам дека во 12,оо часот ќе имаме свечена церемонија за отворање на сите овие технички услови и можности за пристап на лица со посебни потреби. Во 15,оо часот продолжуваме, како што сте известени, со 107-та седница.

Благодарам.

(Седницата заврши во 11,15 часот)